# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.192 од 05.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" број 10/15 и 145/15), во членот 11 став 2 се менува и гласи:
„Директорот на Државниот испитен центар, од редот на вработените во Државниот испитен центар определува одговорно лице, кое утврдува дали кандидатите ги исполнуваат условите за полагање на испитот."
По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:
„На одговорното лице од ставот 2 на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Државниот испитен центар донесува решение.
Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Државниот испитен центар и Јавниот радиодифузен сервис."

**Член 2**

Во членот 15 став 2 се менува и гласи:
„Државниот испитен центар е должен да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии."
По ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат:
„Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.
АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.
АЕК формира трichлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за образование и наука, најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија."
Ставовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат ставови 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.
Ставот 11 кој станува став 14 се менува и гласи:
„Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите 10 и 11 на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испит во траење од три години, за што Државниот испитен центар донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."

Во ставот 12 кој станува став 15 зборовите: „ставот 10“ се заменува со зборовите: „ставот 14“.
Во ставот 13 кој станува став 16 зборовите: „ставот 4“ се заменува со зборовите: „ставот 7“.

**Член 3**

Во членот 16 по ставот 2се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:
„Стручните лица од ставот 2 на овој член вршат и ревизија и ажурирање на задачите од ставот 2 на овој член најмалку двапати годишно.
Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на задачите, стручните лица одлучуваат најмалку 30% од задачите да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.“
Ставовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат ставови 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

**Член 4**

Во членот 17 по ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7, кои гласат:
„Обучувачите од ставот 5 на овој член вршат и ревизија и ажурирање на прашањата од ставот 5 на овој член најмалку двапати годишно.
Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на задачите, обучувачите одлучуваат најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.“
Ставовите 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат ставови 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

**Член 5**

Во членот 18 по ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7, кои гласат:
„Обучувачите од ставот 4 на овој член вршат ревизија и ажурирање на темите од ставот 4 на овој член најмалку двапати годишно.
Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на темите, обучувачите одлучуваат најмалку 30% од темите да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.“
Ставовите 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат ставови 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

**Член 6**

Во членот 27 ставови 4 и 5 се менуваат и гласат:
„Комисијата од ставот 1 на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 10 став 1 од овој закон, за што доставува извештај до министерот за образование и наука.
На членовите на комисијата од ставот 1 на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Државниот испитен центар донесува решение.“

**Член 7**

Членот 32 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на Државниот испитен центар, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот согласно со членот 15 став 2 од овој закон.
Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на Државниот испитен центар, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Државниот испитен центар и доколку не ја постави снимката од

целиот испит на веб страницата на Државниот испитен центар согласно со членот 15 став 6 од овој закон.
Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 2 на овој член на одговорното лице во правното лице.
Со глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни лицето од членот 11 став 2 од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.
Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 15 став 7 од овој закон ако постапуваат спротивно на членот 15 ставови 10, 11 и 16 од овој закон.
Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок кандидатот кој постапува спротивно на членот 15 ставови 10 и 11 од овој закон.
Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на комисијата од членот 27 став 1 од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот и не достават предлог за одземање на уверението согласно со членот 27 став 6 од овој закон.
Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на Државниот испитен центар ако не донесе решение за одземање на уверение за директор во рокот утврден во членот 28 став 2 од овој закон.“

**Член 8**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

**Член 9**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија‶.